**РАН на ЗБ**
**Студиска посета**

*10.5.2022 година*

**НАЦРТ-ЗАВРШЕН ТРУД**

*РАН на ЗБ Студиска посета*
*28 - 29 април 2022, Берлин*

# Управување со вратените странски терористички борци и членовите на нивните семејства

## Клучни исходи

Процесот на управување со враќањето и рехабилитацијата на странските терористички борци и членовите на нивните семејства кои се враќаат од териториите (порано) поврзани со ДАЕШ во Сирија и Ирак засега повеќе различни чинители. Јасно е дека воспоставувањето на структури и процеси за олеснување на мултипрофесионалната размена и соработката меѓу повеќе чинители во однос на специфичните случаи е од суштинска важност за овозможување на усогласено дејствување при управувањето со поединечни случаи, особено кога се вклучени деца. Ова значи дека чинителите, вклучувајќи ги безбедносните чинители, органите за спроведување на законот, социјалните и младинските служби, службите за (ментално) здравје, затворскиот и условниот кадар, граѓанските организации и давателите на програми за дерадикализација како и претставници од поддршката за образование и вработување, коишто честопати имаат различни перспективи и различни степени на информираност, мора заедно да работат во доверлива рамка на соработка. Овој труд ги опфаќа главните сознанија од студиската посета на Берлин, каде што експертите учесници од земјите од Западен Балкан стапија во размена со нивните колеги од Берлин и едни со други. За време на состанокот, учесниците ги дискутираа предусловите за успешно управување со СТБ и членовите на нивните семејства во рамка од повеќе агенции и извлекоа лекции врз основа на споредбени анализи на Берлинскиот пристап и на различните искуства од Западен Балкан.

Следуваат некои сеопфатни заклучоци и научени лекции:

- **Повеќето земји од ЗБ веќе имаат воспоставено функционални модели на соработка и се стекнаа со значајно искуство во рамките на тие услови.** Меѓутоа, интеграцијата на чинителите од граѓанското општество во овие модели останува ретка.

- **Блискоста помеѓу сите институционални точки на контакт во моделот на соработка е клучна** за овозможување ефикасна соработка. Меѓутоа, досега кадарот и одговорностите во принцип често се менуваат, што создава потешкотии и дополнителна потреба од долготрајни процеси за градење на доверба.

- Освен управувањето со СТБ кои се враќаат од Сирија и од Иран, постои **растечка загриженост во врска со заминувањето, враќањето и ниската стапка на кривично гонење на повратниците**

**од Украина** кои имаат позадина на Насилен десничарски екстремизам (НДЕ). Потребен е трансфер на искуствата од работата со исламистичките екстремисти повратници во контекстот на десничарскиот екстремизам.

# Главни моменти од дискусијата и клучни размислувања

Искуствата од управувањето со вратените СТБ и членовите на нивните семејства кои ги споделија учесниците од Германија и од ЗБ покажуваат дека секогаш се бара одреден степен на координација помеѓу разните вклучени чинители. Како резултат на речиси деценискотo искуство со повратници во ЕУ како и на ЗБ, стана секојдневно потенцирањето на потребата од соработка од некаков вид и облик помеѓу многу различните групи на чинители, и прашањето кое се поставува денес веќе не е „Дали?", туку „Како?". За таа цел, говорниците и учесниците се фокусираа на вистинската имплементација на структурите за размена на информации и за преземање усогласени активности во рамка од повеќе агенции. Особено беше истакнато градењето доверба помеѓу сите вклучени чинители. Понатамошни теми на дискусија беа соодветниот избор на затворски режим за целната група (на пр. посебни крила за повратниците наспроти дисперзија во општата популација), земањето предвид на родовите особености, справувањето со случаи во кои се вклучени деца и процесот на рехабилитација, вклучувајќи ја и важноста на подготовката на заедниците-приматели за враќањето на СТБ.

### Воспоставување основни структури за координација на процесот на рехабилитација и реинтеграција

- **Стратешкото градење мрежи** е првиот потребен чекор кон препознавањето и зближувањето на сите чинители кои се потребни за работа на поединечни случаи. Ова е процес кој одзема значително време и ресурси, што мора да се земе предвид при воспоставување механизам за враќање.

- **Високото ниво на обрт на одговорен персонал во институциите и организациите кои соработуваат е централен проблем за многу практичари.** Во многу контексти, членовите на кадарот често се менуваат, што секогаш бара нови процеси на градење доверба и со тоа се забавува вистинската работа на соработка. Соработувањата кои поаѓаат од една назначена точка за контакт во подолг временски период имаат пореална шанса да развијат ефикасни механизми за соработка. Притоа треба да се земе предвид способноста за одлучување на лицето како претставник на нивната организација/институција. Точките за контакт треба да останат на исто место во релативно долг временски период со цел да осигураат блискост и брза размена со низок праг помеѓу сите точки за контакт.

- **Некои од честите предизвици** во воспоставувањето соработка меѓу повеќе агенции се:
    - Различни интереси и перспективи на чинителите, особено помеѓу безбедносните и небезбедносните чинители како и помеѓу државните чинители и оние од граѓанското општество;
    - Недостаток на разбирање на улогите и на поделбата на задачите;
    - Приватност на податоци и пречки во споделувањето на чувствителни информации за поединците помеѓу различни чинители;
    - Недостаток на доверба, особено помеѓу безбедносните агенции и (невладините) социјални работници.

- За олеснување на заедничкиот процес на работа, потребни се **долгорочни процеси за градење на доверба помеѓу сите чинители** за да се овозможи ефикасно споделување информации и

перспективи (во рамките на границите на регулативите и законите за заштита на податоците). Некои од стратегиите за решение кои се развиени во праксата се:

- Можности за лична размена и поврзување во средби со мал обем;
- Се покажува дека меѓусебното градење на доверба е најмногу можно врз основа на практична работа на (примери за) случаи, на пр. во форма на симулациски вежби;
- Воспоставување јасен преглед на точките на контакт и директни врски помеѓу партнерите кои соработуваат, со размена на контактни податоци;
- Зголемување на меѓусебното разбирање на улогите на другите и поврзаните придобивки од секое од вклучените професионални полиња, на пр. преку:
  - Транспарентно посочување на стереотипите и предрасудите;
  - Воспоставување јасни политички и практични рамки, вклучувајќи ги границите на секој од мандатите;
  - Негување на разбирањето на туѓите перспективи преку дозволување транспарентни увиди во процесот на донесување одлуки.
- Рунди за повратни информации и оценување на нивото на соработката, не само во рамките на секоја од организациите/институциите, вклучувајќи го и надзорот.

- **Форматите за редовна размена ја овозможуваат добрата соработка.** Редовно закажаните размени за сеопфатната соработка и напредокот на случаите ветуваат ефикасно и комплементарно планирање мерки на секој фронт.
  - Дополнително, практичарите исто така ја потенцираат потребата за одреден степен на флексибилност во дискутирањето на поединечни случаи врз основа на ад-хок потреби.
- Експертите и практичарите во многу контексти сè уште се мачат да **одредат дали СТБ во затвор треба да бидат затворани заедно**, на пр. во назначени терористички крила, или пак треба да се интегрираат во пошироката популација на затворот. Двата пристапи носат ризици и придобивки во однос на регрутирањето и радикализацијата на други затвореници, следењето потенцијално штетни дејства, радикализацијата и процената на ризик.
- Се дискутирашње за воспоставување **жешка линија или „црвено копче“ служба за контакт** во координативен орган, како начин за олеснување на пристапот до воспоставена мрежа на професионални вештини и искуство. На овој начин, органите и практичарите со помалку искуство во областа можат да се обратат кон искусните експерти за поддршка.
- **Заеднички подготовки:** Спроведувањето заеднички подготвителни обуки и вежби пред пристигнувањето на вратените помогна за олеснување на процесите на пристигнување.

## Справување со потребите на децата повратници

- Особен предизвик кој се појави беше справувањето со **децата на СТБ кои се родиле во Сирија/Ирак без извод од матичната книга на родени** од државата од која потекнуваат нивните родители, т.е. државата во која биле вратени. Во многу случаи, пристапот до основни социјални и образовни услуги зависи од статусот на државјанин. Вреди да се забележи дека добивањето на извод од матичната книга на родени може да зависи од соработката/волјата на поединечниот одговорен службеник (на пр. еден конкретен судија). Тоа понекогаш бара од одговорните управители на случајот да користат креативни решенија. Пожелно би било создавање јасни правила и насоки за овој процес.
  - Во повеќето случаи, по некое време државјанството се потврдува преку **ДНК-тестови** на родител или баба/дедо, некогаш дури и пред враќањето.
- Друг предизвик е **стигматизацијата на децата** во нивната нова средина:

- Со цел да ги задоволат поединечните потреби на децата повратници, Канцеларијата за координација на повратници во Берлин има блиска соработка со службите за социјална и младинска благосостојба во различните окрузи на градот-држава, вклучувајќи ги професионалците за ментално здравје. Главниот фокус е ставен на брзата интеграција на децата во центри за дневен престој и училишта.
- Прашањето за тоа дали да се откријат или не информации за историјата на детето во училиштето или дневниот престој може да постави дилема: Во некои случаи може да биде од помош за наставниците и негувателите да бидат свесни за можните трауматски реакции кога целокупната цел е ограничување на ризиците од стигматизација на детето. Едно решение кое го предложија практичарите беше информациите кои се сметаат за релевантни за детето да се споделат само со директорот на училиштето.
- **Руралните/поретко населените области нудат помала можност за анонимност за вратените СТБ** и нивните деца. Координаторите и управителите на случаи, заедно со сите директно засегнати лица, треба внимателно да ги земат предвид потенцијалните предности и пречки на релокацијата во ваквите случаи.

- За жал, враќањето и реинтеграцијата на возрасните како и на децата се сè уште често забавени/дополнително сложени заради **протекувањето на информации во медиумите** и вестите.

## Поддршка на процесот на дерадикализација и рехабилитација

- Заради индивидуалноста на секој од случаите, потребни се **долгорочни пристапи насочени кон потребите** во однос на работата на дерадикализација и дистанцирање, вклучувајќи ја родовата особеност и рефлективност.
  - Меѓутоа, важно е да се имаат предвид **високата побарувачка за практичарите во оваа област, кои се честопати достапни 24/7** за лицата со кои работат, што значајно влијае врз нивните лични животи и менталното здравје. Препознавањето на оваа посветеност може да се преточи во воспоставување на надзор и зголемено распределување на ресурси кон самите професионалци.
- Важно е да се **земе предвид психолошката и социјалната состојба на СТБ <u>пред</u> нивното заминување во Сирија/Ирак.** Во многу случаи, предизвиците кои вклучуваат семеен конфликт, деликвенција, употреба на супстанци итн. веќе биле присутни пред заминувањето, и можат да се влошат заради траумата доколку повратниците бидат само вратени во истиот контекст од кој заминале.
- Практичарите треба да бидат свесни дека времето поминато во Сирија и Ирак често се одликува со **развој на внатрешни одбранбени механизми и психолошки напори за справување кои се бараат во пределот на конфликт** со цел да се справат/помират со ситуацијата (вклучително и механизми кои ги легитимизираат сопствените (насилни) дејства на повратниците, негувајќи ја идејата дека немале друг избор за да ги олеснат чувствата на одговорност и на сторена штета).
  - **Отфрлањето на сопствените дејства и способност за донесување одлуки** може да биде резултат на овие механизми за справување и може да доведе до идеализација на советникот за рехабилитација.
  - **Одрекување на својот придонес кон страдањето** е механизам за справување заснован врз опасноста од колеблива слика за себе. Прифаќањето би можело да доведе до искусување чувства на срам, каење, вина, кои мора да бидат признаени за да се процесираат.
- Кога повратниците не се осудени (и затворени), може да биде тешко да се вклучат во **напори за рехабилитација и дистанцирање на доброволна основа.** Пристапот на нудење социјални услуги може да биде од помош при воспоставувањето контакт. Многу од лицата во целната група може да претпочитаат контакт со социјалните служби отколку со безбедносните служби.
- Практичарите известуваат дека при враќањето, **некои од жените СТБ создале постојано чувство на виктимизација** во однос на нивната ситуација: Во овој наратив, тие најпрво биле измамени од ветувањата на ДАЕШ за подобар живот, а потоа нивната сопствена земја ги оставила сами во кампови.

- За лицата со **силни верски потреби**, вклучувањето на лица со добро познавање на религијата, па дури и на имам или на претставник од позитивна верска заедница, може да го олесни позитивното вклучување во сеопфатниот процес на рехабилитација. Во некои земји, кадарот со добро верско познавање е автоматски вклучен/достапен во пристапот, додека во други, верските чинители се вклучуваат само по издржано барање од советуваните.

# Препораки

## Општи препораки во врска со соработката на повеќе чинители за рехабилитација на СТБ и членовите на нивните семејства

- **Секоја од организациите/институциите што учествуваат треба да назначат посебна точка за контакт (или тим на точки за контакт)** за да ја осигураат блискоста и континуитетот помеѓу сите партнери во меѓусебната соработка.

- **Сите соработки на повеќе чинители треба да се согласат за јасни правила и рамки за нивната работа** за да создадат сигурност за чинителите кои учествуваат (врз основа на потребните правила и регулативи за заштита на податоците, меѓу другото).

- **Идеално би било партнерите да спроведуваат заеднички обуки и симулациски вежби врз основа на вистински случаи пред да започнат со својата работа.** Доколку механизмите за соработка се веќе започнати, се препорачува надворешните набљудувачи и/или оценувачи да се фокусираат на самиот процес на соработка наместо на поединечните чинители.

## Препораки во однос на Западен Балкан

- **Треба да се негува континуирана регионална и меѓуинституционална размена помеѓу професионалците и практичарите во регионот.**

- Поврзано со првата точка**, потребна е континуирана размена во врска со моменталните екстремистички феномени ширум регионот.** Иако справувањето со исламистичкиот екстремизам и СТБ останува предизвик, расте заканата од десничарски екстремизам низ неколку од земјите во регионот.

    - Во однос на војната во Украина, **применливоста на законите создадени околку исламистичките СТБ треба да бидат проверени и приспособени за справување со потенцијалните вратени НДЕ СТБ.**

    - **Дополнително, лекциите кои биле научени и механизмите кои се развиле во контекстот на справување со исламистичкиот екстремизам треба да бидат пренесени и приспособени на справувањето со НДЕ,** поле во кое практичната работа на ЗБ е сè уште ретка.

- **Земјите од ЗБ треба да размислат околу воспоставување национални механизми за координација, за поддршка при справувањето со проблемите на радикализацијата вклучувајќи ги и СТБ.**

- Иако повеќе од земјите на ЗБ веќе имаат механизми за координација, интеграцијата на партнерите од граѓанското општество во овие пристапи честопати останува недоволна. **Земјите од ЗБ треба да продолжат со своите напори за негување на вклучувањето на граѓанското општество во работата за рехабилитација и реинтеграција: Ова поле не треба да остане предводено од државата (и безбедносните структури).**

- **Земјите од ЗБ треба да обезбедат можности за финансирање кои се предводени од државата за иницијативите од граѓанското општество и на НВО во областа на С/БНЕ и рехабилитација.** Терминот „НВО“ досега сè уште пречесто се поврзува со непосакуваното и проблематично странско финансирање сомнителни, честопати верски или политички чинители.

## Релевантни практики

1. Интерактивните симулациски вежби, организирани од Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина (БиХ) во март 2022 година во Сараево, служат како пример за тоа како да се зближи широк спектар на меѓусекторски, меѓувладини и граѓански претставници со цел заеднички да се испитаат предизвиците кои ги поставува насилниот екстремизам и на граѓаните да им се обезбеди потребната нега.

2. Координацијата на повратници во Берлин ја има задачата да развие стратегија за реинтегрирање на повратниците и да создаде мултипрофесионална и интердисциплинарна мрежа во која одговорностите се дефинирани, се споделуваат информации во врска со случаите и се дискутираат и преземаат поединечни мерки.

3. ТРИАС Берлин работи на пресекот на спречување екстремизам и здравствена грижа. Проектот се состои од два столбови. Вклучување психолошки психотерапевти во работата со клиентите и нивните семејства, и градење капацитети на ниво на заедница помеѓу професиите за терцијарна превенција и медицина и здравство во Берлин.

4. ПРЕВЕНТ Центарот за советување во Берлин нуди сеопфатни мерки за специфично спречување, интервенирање и дерадикализација во областа на екстремизам на верска основа, вклучувајќи работилници за спречување во училиштата, понатамошна обука за педагошкиот кадар, советување за родители и роднини и приспособени услуги за дерадикализација.

5. БАМФ Центарот за советување за дерадикализација нуди прва точка на контакт за поединци кои бараат совет кога се загрижени дека некој што го познаваат можеби станува радикализиран кон исламизмот и нуди контакти со разни структури за советување и мрежи на теренот.

## Понатамошни активности

Учесниците од ЗБ изразија силна потреба за понатамошна меѓународна и регионална размена за поддршка на нивната работа и континуираниот развој на работните процеси во нивните држави. Ова може лесно да се овозможи од страна на РАН на ЗБ преку понатамошни работилници во регионот. Во однос на темите, се чини дека е потребно понатамошно истражување на С/БНЕ и особено работата за секундарна и терцијарна превенција во контекст на (насилниот) десничарски екстремизам.

## Дополнителни текстови

Битики, К., Хасановиќ, М. и Перешин, А. (2021). Жени вратени од Сирија во земјите од Западен Балкан: Између тагување и „калифатска носталгија": ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ТЕРОРИЗМОТ Том 15, Издание 5

РАН на Западен Балкан Работа на С/БНЕ со верски заедници и верски организации

Отпорност кон насилен екстремизам во Србија: Случајот Санџак
https://bezbednost.org/en/publication/resilience-to-violent-extremism-in-serbia-the-case-of-sanjak/

Мигрантите си заминуваат, но омразата останува - антимигрантската екстремна десница во Србија
https://bezbednost.org/en/publication/migrants-are-leaving-but-hatred-remains-the-anti-migrant-extreme-right-in-serbia/